| **По ЗАПИСНИК од 8-та седница на**<br>***Собрание на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ( ИСОС )*** | | | |
|---|---|---|---|
| | Датум<br>31.05.2019 год. | Време на Собранието<br>12:20 часот | Место: Хотел Континентал Скопје |
| **СОСТАНОК** | Собрание на ИСОС | | |
| **ЗАКЛУЧОК ОДЛУКА** | **Заклучок -1:**<br>ИСОС нема право да бара податоци според Табела 26, од ДВСР<br>**Заклучок -2:**<br>Овозможување на непречено користење на WEB страницата на ИСОС и архивата од страна на сите органи на ИСОС, преку Претседателот на НО, Претседавачот на последното одржано Собрание, Претседатели на комисии, како можност за транспарентна објава на документацијата од нивниот домен, одговорност за работата, застапување и настапување кон целото членство.<br>**Заклучок -3:**<br>Се прифаќа извештајот на НО соназнака дека се утврдени многу неправилности, врз чија основа се забранува широко понатамошно функционирање на Управниот Одбор, се предлага дозволување на работата на УО само на тековна основа, тековни активности, се до примопредавање на функциите на новоизбраниот УО.<br>**Заклучок -4:**<br>Годишната сметка и ревизорските извештаи се со голем сомнеж, се предлага ревизорските извештаи да бидат прифатени, но со забелешка, и во правец на комплетно отстранување на забелешките, а со насока, новиот УО истите да ги преиспита, односно да се утврди работењето за сите 4 години се до моментот на доаѓањето на новиот УО, притоа да се донесе НОВ Извештај за целокупното работење на УО за сите 4 години, како и да поведе постапка пред надлежните органи доколку се утврдат неправилности.<br>**Заклучок -5:**<br>Да се повтори постапката пред МФ со поднесување на ново барање за добивање на мислење, поради тоа што има ветување од страна на МФ дека ќе се разреши оваа ситуација и ќе се избере нов УО, се со цел надминување на овие проблеми кој што моментално ги имаме. Исто така истакна дека во јули месец истекува мандатот на НО, па од тие причини побара на ова Собрание да се донесе заклучок за отпочнување на постапка за избор на нов НО.<br>**Одлука -1:**<br>Избор на ОДБОР, комисија за спроведување на постапка за избор на Претседател, членови на Управен Одбор и Надзорен Одбор на ИСОС<br>**Одлука -2:**<br>За укинување на обврската за плаќање на членарина од страна на правните лица ДВСР и ТПВСР која е незаконска и не треба да се плаќа, а на оние кои имаат платено по нивен избор да им се врати или компензира<br>**Одлука -3:**<br>Се прифаќа предлог годишната програма за КПУ, со исправка на техничките забелешки, со апел до консултантските куќи, темите на часовите што ги одржува да се однесуваат конкретно на програмата, со обврска новиот УО да утврди и предложи Правилник за форми и стандарди. | | |

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија
Бр. 0302/899-136
06.06 2019 год.
Скопје

Доставено до ИСОС:
- Архива
- Управен Одбор
- Надзорен Одбор
- Собрание

Скопје, 05. 06. 2019 година

Претседавач:
Ѓорѓи Грковски

Записникот го состави:
Елена Ковалевска